Страв од чекорење

Звездан Георгиевски

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Звездан Георгиевски, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Страв од чекорење

Звездан Георгиевски



Скопје, 2025

На Билјана. Женаѿа на која сум ѝ браѿ.

МАГЛАТА НАД МАГЛАНЦИ

Ниту една приказна не почнува на својот почеток. И ниту една приказна не завршува на својот крај. Па, ни оваа. Она што луѓето го знаат како приказна е само врвот од напластениот леден брег. Само она што се гледа со голо око. Но, никој не знае како тој врв се напластил и како излегол пред нашите очи. И никој не знае какви тајни, какви чудовишта и какви самовили крие во своето подножје. И секој од различен агол го гледа тој врв. За некои тоа е прекрасно чудо на умот, за други, само санта мраз што го замрзнува срцето, за трети – застрашувачки монструм подготвен да ги уништи нивните животи. Некои, пак, не го ни забележуваат тој врв на ледениот брег. Како секогаш да бил тука и како секогаш да бил дел од нивните животи. Некои, но само некои, ќе се сетат на него само тогаш кога ќе го снема. И нема да знаат дека го снемало, туку само инстинктивно ќе чувствуваат дека нешто им недостасува.

А крајот на приказната? Тој се менува со времето. Некогаш е непроменлив со векови, а неко-

гаш се менува во минути и секунди. Некогаш толку ќе се напласти таа санта мраз што на крајот – крајот ќе стане почеток, а вистинскиот крај нема да може ни да се види. Некој друг пат морето ќе го потопи врвот и приказната само ќе тлее во нас. Без почеток и без крај. Кога осеката ќе завладее, сите ќе се чудиме покрај каква приказна сме живееле. А кога сонцето ќе спржи, тогаш веќе ништо нема да биде важно.

Сите ние сме приказни за себе. Врвови на замрзнати гребени. И сите ние сме делови од нечија друга приказна. Некаде се топиме, а некаде стамено стоиме.

Ова што сега ќе го раскажам не е ниту почеток ниту крај на мојата приказна. Ова е легенда што прелетува како птица по исушените гранки на моето семејно стебло. Нешто што се случило можеби пред векови, можеби пред години, а можеби и денес. А можеби ќе се случи и во некоја иднина. И ќе ја раскажам онака како што ми ја кажале мене. Или како што јас мислам дека се случило. Или како што сакам да се случило.

Или затоа што денес ретко кој го споменува името Магланци, село скриено во дупка меѓу ридови, прекриени со густа шума од даб, јавор и црно борје. Само некои од малкуте преживеани старини, што одамна заминале кај своите потомци во градот, оние што го чуваат зборот како солта во ќесето, ќе ти речат: „Не оди таму, чедо. Таму маглата сама си шепоти“.

Се вели дека во Магланци маглата не паѓа, туку стои. Како проклетство. Како божја покора.

Секој божји ден. Штом почне да се крева сонцето, пред да запее првиот петел, таа е тука. Блага, бела како млеко, покривка што никогаш не исчезнува сосема. Велат маглата се вгнездила над Магланци од денот кога исчезнале Митре и Цветко. Се случило тоа една есен, кога дождовите биле меки како навлажнета крпа. И кога паднала млечната магла.

Митре и Цветко, родени магланчани, врсници и соседи, другари од детството, се два спротивни карактера. Цветко е мирен и повлечен, сув, висок и подгрбавен вдовец. Децата му се по светот. Се грижи сам за себе. Бере печурки, ги суши и ги продава во откупната станица. Не оди во селската меана. Може да се случи со денови да не го видат. Само Митре ќе го види во некои утра како молчаливо и тивко, со воздушест чекор оди кон планината. Небаре не сака да ја згази тревата. Тогаш Митре ќе му довикне, ќе го поздрави и ќе го пропраша за доброто здравје, а Цветко само ќе се заврти, ќе му одмавне со раката или само ќе кимне со главата. Митре ќе промрмори во брадата некоја пцост, ќе се заврти и ќе оди да ја измолзи козата.

Митре е единствениот што му влегува дома. Ретко, ама му влегува. На чашка ракија, што би се рекло. И тогаш ќе знае да му исцеди два-три збора за планината, за печурките што не се растенија, туку габи, живи суштества што имаат разбирање. Ако си добар со печурките, добри се и тие со тебе. Ќе те нахранат, ќе ти го покажат патот.

Митре е сосема спротивен од Цветко. Говорлив е, чест гостин е во меаната, мајтапчија е и

нема кој го нејќе. И тој собира печурки. Но, само од еден вид. Оној за кој е сигурен дека се јаде. Не ги познава печурките како Цветко, ама може да ги насети, да ги намириса, како божем да е куче или како да намирисува трпеза со печено јагне.

Цветко, пак, ги знае сите видови печурки. Има некаков стар, изветвен тефтер, останат од дедо му или уште постар, каде што се нацртани разни видови печурки, оние што „ниту се јадат ниту се оставаат“, како што велеше дедо му.

И Митре не знае зошто токму тоа сабајле се сетил да си ја подготви кошницата, да го стави ножот внатре, малку сланинка и шише ракија и да му довикне на Цветко да го почека. Можеби затоа што маглата тоа утро била ниска, ама многу густа. Им се прпелкала меѓу нозете. „Ќе стивне кога ќе ја допре сонцето“, рекол Митре, гледајќи во грбот на Цветко, чии глуждови како да лебделе во ниската магла.

Влегле длабоко во шумата и излегле на една чистинка. Можеле да се заколнат дека првпат ја гледаат. Дрвјата биле ниски, со искривени гранки и искривени стебла. Небаре се згрчени од болка. Под нив израснати печурки, печурки чии глави сјаеле со некаква придушена синкава светлина. Околу печурките сува трева и исушени цвеќиња. Студот од земјата им ги пробивал гумените опинци, како да стојат на санта мраз среде море, а не на планинска падина.

„Да бегаме оттука“, рекол Митре, ама нозете не му се мрдале. Цветко одлебдил до еден закржлавен даб, се наведнал да набере една црна пе-

чурка со син сјај. „Немој, Цветко. Не е природно“, прошепотил Митре, додека му се вртело во главата. Едвај се свртел да фати потпора на најблиското дрво. Траело само миг. Но, доволно да почувствува како се менува воздухот. Како се празни од себе. Не било ниту потопло ниту постудено. Било само – празно. Шумата молкнала. Инсектите прекинале да ги пуштаат оние свои звуци. Птиците ниту летале ниту се огласувале. Лисјата смрзнале на дрвјата. А маглата како да се претворила во некој растопен мермерен камен.

Сето тоа се случило само во еден миг, во мигот кога Цветко ја ставил обраната печурка во кошницата. И кога Митре се завртел, сфатил дека Цветко го нема. Ни трага, ни глас. Како во земја да пропаднал. На местото каде што стоел Цветко сега била само неговата празна кошница и неговите гумени опинци.

Митре ја собрал сета своја сила и тргнал да го бара. Шетал околу-наоколу, викал: „Цветкооо, Цветкооо...“, но залудно. Одел, стоел, трчал, ползел, душкал, но ништо. Го барал со часови. Го барал и кога мракот длабоко ја обвил шумата, но не го нашол. Цветко, едноставно, исчезнал.

Се вратил дома доцна ноќе. И не излегувал од дома со денови. Селаните едно време не ни забележале. Потоа мислеле дека е на нивчето или дека заминал кај децата во градот. И не знам колку време поминало додека некој не се досетил да му почука на вратата. Велат дека на добронамерникот портата му ја отворила некаква сенка од човек, со лик зараснат во долга и неуредна брада.

Некоја појава со едвај видливи траги од некогашниот Митре.

„Цветко е грабнат“. Само тоа го рекла сенката.

Тој ден стасале и иследниците од градот. Зеле исказ од Митрета. Им раскажал сѐ онака како што било. Ги однел на местото каде што исчезнал Цветко. Само празна кошница и чифт гумени опинци. Дошле луѓе со кучиња на поводник. Дошле и некои од блиските села. Седеле во селото три дена и три ноќи. Дење распоредени во круг ја чешлале планината. Ноќе со факли во рацете продолжувале онаму каде што застанале. Четвртиот ден си заминале. И го зеле Митре со себе. Велат дека бил единствениот осомничен за исчезнувањето на Цветко. Последен го видел, а не го пријавил случајот.

Митре седел во градот некое време. Можеби петнаесет дена, а можеби и три години. Никој не може да тврди со сигурност. Дури ни самиот Митре. Исчезнувањето на Цветко било прогласено за несреќен случај. Или паднал во непристапната бездна кај Горни Дол или се отрул од печурките, па предаторите му го нашле крајот.

Еден ден, се појавил Митре во Магланци. Тивко, нечујно, влегол во куќата и не излегувал од таму. Никому не му ја отворал портата. Добрите луѓе понекогаш ќе му оставеле храна, облека и обувки пред порти. Неговите деца, кои и онака ретко го посетуваа, сосема престанаа да доаѓаат.

Селаните ќе го видеа само понекогаш, како во мугрите, пред сонцето да го дофати замавот,

стои на работ на шумата. Стои неподвижно, небаре е еден од нејзините дабови, и само гледа кон север, кон неистражените темнини на густата дабова шума. И велат дека еднаш отишол во црквата, кај попот. Му рекол дека тој е виновниот. Попот го прашал: „Што згреши, синко?“, а Митре рекол: „Јас му реков. Јас му реков“. „Што му рече? Кому му рече?“. „Јас му реков да ја земе. Јас му реков да ја земе црната печурка. Печурката што сјае. Печурката што гледа. Што разбира“. И тогаш Митре си заминал од црквата.

Велам дека не знам колку траела целата оваа приказна, ама траела барем до она есенско утро кога Митре ја спакувал својата кошничка со нож, малку сланина и шише ракија. И излегол од дома. И не знам дали некој го видел во таа зора, пред да запее првиот петел. И не знам колку време поминало додека добрите луѓе од Магланци не сфатиле дека храната што ја оставаат пред неговите порти ја јадат само заскитаните кучиња. И по некоја мачка.

Повторно дошле иследниците. Дошле и кучињата. Дошле и луѓето од околните села. И уште првиот ден го нашле неговото капче и една празна кошница. Само со една црна печурка, положена на средината од нејзиното дно. Од печурката излегувала некаква пареа. Нешто како здив, како магла, бела како млеко.

И кошничката и капчето биле уредно положени кај корените на оној превиткан даб, целиот опколен со мов, како во некој зелен плашт. Малкумина од трагачите забележале, ама сепак забе-

лежале некаков знак, некаков симбол засечен во мовта на кората на дабот.

Тоа е прост симбол, ама загадочен и возбудлив. Засекот е правилен, но недовршен круг. На дното од десната страна, во должина од едвај три сантиметри, кругот не е затворен. Низ овој процеп поминува една коса линија. Расчаталена на два крака од половината нагоре, како јадец од кокошка, како недоцртан триаголник или како осмина бурек со делот од кругот што го допира. Во центарот на тој чатал се наоѓа една малку поголемка дамка, една црна елипса што е вдлабната во кората на дрвото. Како да е потоната во него. Како око што цело време нè демне.

Мовта околу знакот не е зелена како на другите делови од кората, туку жолта. Како да е од некое друго идно или, уште поверојатно, далечно минато време. Од засеците на ножот што го создавал симболот, а особено од потонатото око, тече некоја влажна црна смола. Чиниш, крвави. Или плаче. И сè е тивко. Никаков глас не се слуша. Само некој чуден мирис. Не на дрвја, лисја или трева, туку на нешто застоено, нешто бескрајно старо, што не ѝ припаѓа на шумата.

Иследниците не обрнале внимание на овој знак. Не им значел ништо. Потрагата, како и во случајот со Цветко, траела три дена и три ноќи. И не може да се каже дека не била темелна, ама затоа била безуспешна. Четвртиот ден си заминале. Овојпат никого не осомничиле и никого не зеле со себе во градот. Исчезнувањето на Митре е прогласено за несреќен случај.

Оттогаш никој не влегува во шумата. „Шумата си го зема она што ѝ е земено“, велат селаните. Оттогаш не паѓа маглата врз ридот над Магланци. Таму си стои. Како покора. Како проклетство.

Но, реков веќе, ова не е ниту почетокот, а уште помалку крајот на оваа приказна. Селаните се колнат дека во некои денови од годината, откога ќе завршат метеорските дождови, таму некаде пред зори и пред првите петли, на синкавата светлина од месечината ќе го видат Митре како стои стамено и неподвижно на работ на шумата. Некогаш, велат, стои така цел ден. Особено кога маглата е ниска и густа како млеко. Оние најхрабрите се качиле на ридот, на некоја пристојна оддалеченост од него, на оддалеченост од каде што можат безбедно да избегаат и да се замандалат во своите куќи. Но, немало потреба. Така велат. Не ги ни забележувал, иако упорно го довикувале. Велат дека само шепотел нешто, како да разговара со маглата. И велат уште дека и маглата нешто шепотела, како да разговараат.

Поминале, не знам, три или триесет години, кога во Магланци паднал силен дожд. Толку силен, каков што ниту најстариот магланчанин не запомнил во својот долговечен живот. Тогаш дождот ја растерал маглата и тоа е единствениот ден, по години, кога на ридот над Магланци немало магла. Капките биле тешки како оловни куршуми. И така ја решетале земјата. Ја распарчиле и направиле одрони. И во сите оние буици, камења и земја што се стркалале кон селото, испливал и еден труп, трупот на Митре.

Велам, поминале три или не знам колку години, ама на сите им изгледало дека Митре починал токму тој ден. Тоа утро. Се чини дека бил уредно облечен. Добро, алиштата му биле искинати, ама тоа е повеќе поради невремето и тркалањето по ридот, отколку поради изветвеност. Бојата на образите дури му била црвеникава, очите полуотворени, небаре до пред малку бил жив. Само на телото имал некои чудни рани. Бројни чудни рани. Како да е изрешетан од дождовни капки. Од оловни куршуми. Како шумата да сакала да го врати таму каде што припаѓа.

Само Цветко не го враќа. Тој не припаѓа тука.

Веднаш по дождот, маглата повторно се вратила во Магланци. И не заминала никогаш повеќе. А селото се иселило следните неколку дена. И заборавиле на овие настани.

Како ништо да не било. Како ништо да не се случило.

Никогаш не сум бил во Магланци. Ниту некогаш ќе одам. Иако сум по потекло од таму. Мајка ми е од сојот на Митревци, а татко ми од сојот на Цветковци.

Јас, како даб, само стојам на работ од мојата шума. И понекогаш разговарам со маглата.

Амбулофобија *претставува ирационален и интензивен страв од одење или движење пеш. Зборот потекнува од латинскиот ambulare (одење) и грчкиот phobos (страв). Оваа фобија може да се манифестира како анксиозност, панични напади или телесна парализа при самата помисла на одење, особено во отворени или небезбедни простори. Амбулофобијата најчесто се јавува кај лица што доживеале физичка повреда, траума при пад или имаат хронични болки, но може да се појави и кај постари лица или луѓе со други анксиозни нарушувања. Таа може сериозно да влијае врз секојдневното функционирање и често бара психолошка интервенција.*

(Index of Specific Phobias, „Oxford Books“, 2025)